

Во рамките на програмата Бит фест 2011, на ден 03.08. - 04.082011 година, организиравме изложба на тема „Литературното творештво за деца низ перото на роднокрајните автори од Ванчо Николески до денес“. Покрај творештвото на Ванчо Николески беа изложени дела и на други еминентни детски автори од Битола.
Покрај изложбата се одржа и тркалезна маса на тема „Литературното творештво за деца низ перото на роднокрајните автори од Ванчо Николески до денес“. Излагања имаа; Радован П.Цветковски, Ѓорѓи Прчков, Петре Димовски, Милица Димитриевска Радевска, Добре Тодоровски, Елена Ѓорѓиевска Костадиновиќ, Јован Боцевски, Билјана Герас, Илче Стојановски, Милка Котевска и Олга Димитриевска.
Целта на настаните е да се почитува ликот и делото на Ванчо Николески, популаризација на литературното детско творештво, да се пренесе порака до новите генерации со елан да творат, создаваат и да дадат свој придонес кон збогатување на македонската литература, особено кон детското творештво како и да се мотивираат и стимулираат авторите да пишуваат за деца.